**М М Р Е В И З И Ј А ТП - Р А Д О В И Ш**
**тел 032/631-166, 075/489-258**
www@mmrevizija.mk; **info@mmrevizija.mk**

**Ревизија, сметководство, консалтинг услуги**

Во согласност со член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија(Службен Весник на РМ бр. 158/2010), ТП ММ Ревизија-Радовиш , го објавува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2012 ГОДИНА

**1.Опис на правната стуктура и сопственост**

ММ Ревизија ТП е ревизорска канцеларија формирана во согласност со Законот за ревизија, регистрирана во 2007 година при Централниот Регистар на РМ согласно Законот за трговски друштва . Со Решение број 11-20162/6 од 03.09.2007 година, има добиено трајна дозвола за работа од страна на Министерството за финансии на РМ.
ММ Ревизија ТП е во целосна сопственост на 1 (едно) физичко лице, овластен ревизор. Стојна Здравева, Радовиш.
Бројот на постојано вработени на 31.12.2012 година изнесува 3 лица.

**2.Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа**

ММ Ревизија ТП делува како овластен ревизор на територијата на Република Македонија и не припаѓа во некои професионални мрежи. Канцеларијата е основана и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот на Република Македонија.

**3.Опис на управувачката структура**

ММ Ревизија ТП има еден управител-Стојна Здравева од Радовиш.

**4.Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП и изјава за ефекттивноста за функционирањето на овој систем**

Основни цели на политиките и постапките на контрола на квалитетот на ревизорската работа кои се усвоени од страна на ТП се:

*__Професионални барања__-персоналот на ММ Ревизија ТП треба да биде лојален на принципите и независноста, интегритетот, објективноста, доверливоста и професионалното однесување;

*__Вештина и компетентност-__персоналот на ММ Ревизија ТП треба да ги одржува стручните стандарди и професионалната компетентност која се бара да им овозможи да ги исполнат обврските со должно внимание.

*__Пренесување на должност-__ревизорската работа треба да се пренесува на персона лот кој има определен степен на образование и умешност која се бара во дадени околности.

*__Консултации-__Политиката на ММ Ревизија ТП е дека секогаш кога е неопходно, консултацијата во рамките или вон фирмата треба да се врши со оние кои располагаат со соодветна стручност.

*__Прифаќање и задржување на клиенти-__политиката на ММ Ревизија ТП е да насочува дејствување кон оценката на очекуваните клиенти И проверка на постојните во текот на работењето. Во донесувањето на одлука да се прифати или задржи определен клиент, раководството треба да ја проучи независноста на фермата И способноста правилно да го услужИ клиентот и да водии сметка за неговиот интегритет.

*__Проверување-__политиката на ТП е да ја проверува перманентната адекватност на оперативната ефективност на квалитетот на политиките И постапките.

* **Давање на квалитетна услуга** -со константно следење на правната и економската регулатива, како и одржување на висок степен на професионално знаење.

ТП ММ Ревизија изјавува дека применетиот систем на интерна контрола преставува ефикасен и ефективен систем на контрола кој во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за контрола.

**5.Датумот кога е извршена последната преверка за уверување во квалитетот на ревозорот согласно член 20 од Законот за ревизја**

Последната проверка за уверување во квалитет на ревизорот е вршена во Октомври 2012 година.

**6.Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година**

-Еми Петрол ДОО Радовиш, Атлас ЈТД Радовиш, ШИК Плачковица АД Радовиш, ЦЕР ДОО Скопје, Бит Техна ДОО Штип, Здружение Диверзити Медиа продакшн Тетово.

**7.Изјава за независното работење на ТП**

ММ Ревизија ТП Радовиш изјавува дека спроведува интерни процедури за проверка на усогласеност на независноста и истите ги спроведува во работењето.

**8.Изјава за политиката што ја следи канцеларијата за ревизија за континуирана едукација на овластениот ревизор**

ММ Ревизија ТП изјавува дека ја следи политиката за континуирана едукација на овластениот ревизор и вработените преку нивно учество на тренинзи, семинари и усовршување, а со цел ефективно извршување на поставените задачи. Во 2012 година овластениот ревизор следеше обука за континуирана професионална едукација во траење од најмалку 40 часа организирани од страна на Институтот.

**9 Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други неревизорски услуги,**

**Вкупен приход во 2012 година: 1.267.848,00 денари**

Поделба на приходот по услуги

| | (во денари) | (во %) |
|---|---|---|
| -Приход од услуги на ревизија на годишни сметки: | 289.320,00 | 23% |
| -Приходи од други неревизорски услуги: | 978.528,00 | 77% |
| **Вкупно:** | **1.267.848,00** | **100** |

**10.Основа по која се утврдува хонорарот (надоместокот)за извршената услуга од страна на ревизорот**

Основата по која се утврдува надоместокот за извршената услуга од страна на овластениот ревизор се уредува во интерните акти донесени од ТП.
Висината на надоместокот зависи од големината на субјектот и бројот на Предвидените работните часа кои ќе бидат потрошени за завршување на ревизорската работа утврдени во ревизорскиот план.

Радовиш, 31.03.2013 год.

ТП ММ Ревизија
Овластен ревизор

/Здравева Стојна/